**ЗАПИСНИК**
**од одржаната четврта седница на Советот на Општина Градско**
**на ден 23.02.2018 година, со почеток во 12.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следиот**

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 3-та седница на Советот на Општина Градско.
2. Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Градско за четврти квартал 2017 година.
3. Предлог-Завршна сметка на Општина Градско за 2017 година.
4. Предлог-Годишен извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Градско за 2017 година.
5. Предлог-Одлука за сопствено учество за реализација на инвестиција (Реконструкција на партерно уредување на дел од ул.„Александар Македонски“ и реконструкција на крак од ул.„Александар Македонски“ во населба Градско).
6. Предлог-Одлука за сопствено учество за реализација на инвестиција (Изработка на техничка документација за изградба на улици во должина од 2500м, Општина Градско).
7. Предлог- Извештај од реализација на Акционен план за енергетска ефикасност во 2017 година на Општина Градско.
8. Предлог-Техничка исправка на Извештајот од спроведена јавна акета и презентација за предлог Урбанистички план за село Градско.
9. Предлог-Годишен план за вработување во Општина Градско.
10. Предлог-Програма за работа на ЈКП „Клепа“ Градско за 2018 година.
11. Предлог-Одлука за именување на членови на Управен одбор на ЈКП „Клепа“ Градско.
12. Предлог-Одлука за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Клепа“ Градско.
13. Предлог-Одлука за утврдување на надоместок на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Градско и за Градоначалник на Општина Градско на локалните избори 2017 година.
14. Разгледувања на барања и поднесоци.
15. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Александар Јорданов.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа 8 советници: Александар Јорданов, Снежана Финаева, Мендерес Тутиќ, Виолета Малчева, Димче Петров, Драги Тричковски, Иванче Иванов и Гордана Христова. Отсутен беше советникот Ацо Малчев.

На седницата присуствуваше Градоначалникот на Општина Градско, Роберт Бешовски.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита предложениот дневен ред и предложи истиот да се дополни со точка под реден број 4.*„Предлог-Програми за изведување на ученички екскурзии и излети за учебната 2017/2018 година во ООУ „Даме Груев“ Градско,* а останатите се поместуваат со еден број.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 6 гласа ЗА и 2 ПРОТИВ беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 4-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 3-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Советот на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 3-та Седница на Советот на Општина Градско.

Снежана Финаева- поради тоа што не е внесено од минатата седница во записникот, барам додполнување на истиот во врска со исплатата на надоместокот на претседателот на совет од минатиот состав зошто му е исплатено повеќе. Согласно закон има точно определено колку треба да земаат членовите на совет, а колку претседателот на совет (член 29б и 29в). Барам да ни биде одговорено кој е одговорен за тоа и да се вратат незаконски земените пари. Да ни се достави информација на наредна седница како е исплаќано, барам одговорност.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 3-та Седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 8 советници, со 7 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 3-та седница на Советот на Општина Градско.

*2.Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Градско за четврти квартал 2017 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Василка Јанева од општинската администрација, која рече дека овој квартален извештај е всушност завршна сметка. Ви доставивме и образложено по конта.

Виолета Малчева- ова е збирно ос сите квартали. Има планирано 105.652.000, а реализирано 65.539.893 денари, каде се јавува разликата?

Василка Јанева- разлика се јавува во капитални приходи, бидејќи за нешто што е планирано не сме добиле средства. Сепак реализација на буџетот од 60,76%.

Гордана Христова- за да имаме престава, како нов состав треба да ги имаме и предходните кварталнииизвештаи.

Василка Јанева- должни сме да ги доставуваме сите квартални извештаи до Скопје. Ги имаме доставено ако сакате ќе Ви ги дадиме да ги видите.

Виолета Малчева- предходниот совет ги донел, поради тоа не сме ги виделе.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Кварталниот извештај за извршување на буџетот на Општина Градско за четврти квартал 2017 година.

Од присутните 8 советници, со 5 гласа ЗА, 2 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН Советот на Општина Градско го усвои Кварталниот извештај за извршување на буџетот на Општина Градско за четврти квартал 2017 година.

*3.Завршна сметка на Општина Градско за 2017 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Василка Јанева од општинската администрација, која рече дека кварталниот извештај е всушност завршна сметка и е образложено по програми.

Виолета Малчева-во член 3, каде се појавува вишок?

Василка Јанева- последното ДДВ за 12 месец ни го пуштија на 15.12.2017 година, поради тоа што месецот не е поминат и неможиме да исплатиме плати се префрлаат за нередна година. Исто е и со дотациите и со самофинасирачките средства и истите ќе се трошат со ребаланс. Се планира и за некој проект , а оваа година ќе се искористат.

Виолета Малчева- во ЛЕР , за што се приходите и расходите?

Василка Јанева- тоа е за буџетските форуми, исплаќавме надоместоци на лицата, за струја за телефон. Почнавме 2016 исплаќавме и 2017 година.

Драги Тричковски- во биланс на приходи, надоместок за песок, чакал, од кој има уплата?

Роберт Бешовски- тоа е од сепарацијата.

Драги Тричковски- плаќаат ли на општината?

Ацо Атанасов- согласно закон плаќаат.

Виолета Малчева- малку плаќаат.

Роберт Бешовски- добил дозвола за работа, но не за цела година, поради тоа.

Драги Тричковски- дали плаќаат секој месец?

Василка Јанева- не, квартално ни плаќаат.

Драги Тричковски- 733120 -надоместок концесија, пак е исто.

Роберт Бешовски- едното е црпење песок, а другото е за ископ на минерални суровини, се работи за МИСА.

Драги Тричковски- други тековни расходи на 42, стоки и услуги, за станува збор?

Василка Јанева- тоа е за репрезентација.

Драги Тричковски- транспорт на луѓе, за каков транспорт се работи?

Роберт Бешовски- има од предходно договор со превозниците за превоз на пензионерите, играорците и за вработени во градинката.

Драги Тричковски- за дезинфекција, дератизација?

Роберт Бешовски- има четири фактури од фирмата Лиса за извршена дератизација во Општина Градско. Каде е извршено дератизација не знам, не е платено за 2017 година.

Иванче Иванов- гледајќи ја завршната сметка забележувам дека 2/3 од буџетот се потрошени за плата на вработените, а 1/3 се капитални расходи. Мој предлог е во иднина колку што може максимум да биде за капитални расходи, да има повеќе пари за изградба. Ако се повторува ние ништо не сме направиле.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Завршната сметка на Општина Градско за 2017 година.

Од присутните 8 советници, со 5 гласа ЗА, 2 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН Советот на Општина Градско ја усвои Завршната сметка на Општина Градско за 2017 година.

4.*Програми за изведување на ученички екскурзии и излети за учебната 2017/2018 година во ООУ „Даме Груев“ Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде директорот на ООУ „Даме Груев“ Градско, Ленче Стојанова, која истакна дена програмите се изработени врз основа на правилникот од Министерството за образование и наука.

Виолета Малчева- барам во иднина материјалите да ни се доставуваат на време и сакам да прашам што има значајно за посета на село Брвеница?

Ленче Стојанова- има верски објекти, цркви.

Гордана Христова- мислам дека подобро е да се оди во фабриката Тетекс Тетово, да се обрне внимание на производството, за учениците е добро.

Драги Тричковски- ова е предлог на МОН или на училиштето?

Ленче Стојанова- ние одлучуваме, но по предлог на МОН.

Александар Јорданов- дали се избира од страна на Училишниот одбор?

Ленче Стојанова- се формира стручен тим од наставници.

Иванче Иванов- дали се запознати советот на родители?

Ленче Стојанова- доставено е до Биро за развој на образованието, наредната недела ќе имаме совет на родители.

Иванче Иванов- дали финансирањето за екскурзиите и излетите е 100% од страна на учениците или и училиштето плаќа дел?

Ленче Стојанова- 100% плаќаат учениците, училиштето плаќа за некои ученици кои се социјално загрозени, не може да плаќа за сите.

Иванче Иванов- не се согласувам со тоа, не мора во целост може дел да се покрие од буџетот на училиштето, сепак ќе биде олеснување за родителите. Кога може да се плаќа за превоз на вработените кои имаат по 900 денари, зошто да не може да се плате дел за екскурзија, но ќе видиме дали ќе се плаќа за превоз на вработени понатаму. Побарав список на број на вработени во училиштето и општината со вкупно плата но не добив. Инаку програмата е добро изработена.

Ленче Стојанова- во врска со излетот планирано е да се оди во Моклиште, Кавадарци, поради тоа што според правилникот излетите се планирани на растојание до 30км.

Виолета Малчева- кои други релации се нудат за екскурзија?

Ленче Стојанова- има до Битола, Смоларски водопади, Дојран, но таму сме биле многу пати и децата сами сакаат да се оди на друго место каде што не биле до сега.

Снежана Финаева- нека видат секаде, нека одат каде што досега не биле.

Александар Јорданов- релацијата лично ми се допаѓа. Мој предлог, за излети Моклиште е добро, но испуштено е Археолошкиот локалитет Стоби. Блиску е до Градско но сигурно сите деца немаат влезено внатре и не знаат какво културно богатство има. Доаѓаат луѓе од странство и се воодушевени од убавините на Стоби, жалам што се уште нема археолог од Градско.

Ленче Стојанова- тоа може да се изведе како настава во природа.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ги стави на усвојување Програмите за изведување на ученички екскурзии и излети за учебната 2017/2018 година во ООУ „Даме Груев“ Градско.

Од присутните 8 советници, со 6 гласа ЗА и 2 ПРОТИВ Советот на Општина Градско ги усвои Програмите за изведување на ученички екскурзии и излети за учебната 2017/2018 година во ООУ „Даме Груев“ Градско и даде позитивно мислење за истите.

*5.Годишен извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Градско за 2017 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Елизабета Костова Бочварова од општинската администрација.

Виолета Малчева- не е ставен патот за Кочилари (дел од патот).

Елизабета Костова Бочварова- не се вклопуваше во извештајот. Од страна на Агенцијата за државни патишта коментарот беше да не стои, не знам зошто.

Виолета Малчева- Жикол ли го градеше патот за Грнчиште?

Елизабета Костова Бочварова- не, патот за Грнчиште го градеше Гама градба како подизведувач.

Димче Петров- не е ставено ни централното подрачје во Виничани.

Елизабета Костова Бочварова- не спаѓа во патишта.

Драги Тричковски- зошто не ставен патот за Кочилари?

Елизабета Костова Бочварова- Може писмено да се обратиме до Агенцијата за државни патишта и да ни одговорат зошто не е ставен, после ќе Ви го доставиме одговорот.

Драги Тричковски- да се достави во писмена форма.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Годишниот извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Градско за 2017 година.

Од присутните 8 советници, со 5 гласа ЗА, 2 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН Советот на Општина Градско го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Градско за 2017 година.

*6.Одлука за сопствено учество за реализација на инвестиција (Реконструкција на партерно уредување на дел од ул.„Александар Македонски“ и реконструкција на крак од ул.„Александар Македонски“ во населба Градско).*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Елизабета Костова Бочварова- имаше повик од страна на Биро за регионален развој и има одредено за кои проекти може да се аплицира. Од предходно имаме изработено техничка документација за овие проекти.

Роберт Бешовски- станува збор за веќе изработена техничка документација за четири улици, но сега одиме со овие две поради висината на средствата согласно повикот. За другите две две улици дополнително ќе аплицираме кога ќе излезе нов повик.Бидејќи во БРР лимитот е до 2 милиони денари одиме со овие улици, за другите потребни се повеќе средства.

Драги Тричковски- улицата „Панко Брашнаров“ многу е тесна кај Насер Фејзов, да се викне геодет да се види дали е нивно или се излезени.

Снежана Финаева- од секогаш било нивно, можеби некој друг е излезен а не тие. За тоа се направија скалите за да не се мине со коли. Кај Слободан Донев е уште по тесно.

Драги Тричковски- тоа е на Слободан Донев.

Иванче Иванов- иа на улица „Питу Гули“ имаше спор поради тоа и остана улицата не направена. Улицата нема ни 3м.

Драги Тричковски- улица под 4м ширина не треба да се прави, да има барем две коли да се разминат.

Роберт Бешовски- таму има одземено место но не е исплатено, направен е обид. Општина Градско може тоа да го направи со експропијација, да се исплати. Може да се стави во проектите, но како градоначалник не ми е приоритет сега.

Драги Тричковски- до кога ќе се толерираат објектите во центарот на Градско (објект на Каранфил и објект на Кире,Момчило), еднаш да се среди тоа.

Димче Петров- имам информација дека објектот на Кире почнал да се руши но имало некои расправии, некои недоразбирања.

Роберт Бешовски- во план сме тоа да го завршиме. Ќе помогнам со медијаторство помеѓу нив во поглед на изнаоѓање решение.

Снежана Финаева- корисничкото право го брише катастарот. Во Градско не ни оди работата со приватизацијата на дворните места. Цело Градско стои, имаме проблем. Како ќе се направи експропијација кога на луѓето им се брише правото на користење.

Виолета Малчева- каде е проблемот?

Снежана Финаева- во Општина Градско, не ни одговараат на барањата. Од другите општини ни одговараат на барањата.

Роберт Бешовски- другите ги решавате, Општина Градско нема УПС поради тоа не можат да се решат.

Димче Петров- што се планира да се прави со улицата „Александар Македонски“?

Роберт Бешовски- поплочување со бекатон плочки.

Драги Тричковски- што е со пазарот, да се дискутира за дислоцирање на пазарот.

Виолета Малчева- со новиот план што е предвидено, има ли пазар?

Роберт Бешовски- предвидено е шеталиште, но може да се стават дрвени модерни тезни како што е случај во сите големи градови.

Драги Тричковски- секаде објектите од времен карактер се тргнати од пред влезовите на училиштата, кај нас сендвичарата е веднаш вред влезот, не е во ред. Дали има законска регулатива на колкаво растојание од школото да биде.

Иванче Иванов- јас се надевам дека ќе завршиме со УПС во најкраток можен рок.

Роберт Бешовски- од почеток се направени грешки. Прво со добивањето на фирмата Урбан проектинг, се уште страдаме поради нивните грешки, има грешки и од последната јавна презентација.

Драги Тричковски- сигурно има рок до кога требало да се заврши, дали фирмата плаќа некои пенали?

Роберт Бешовски- Ќе одам во МТВ, ќе видам во кои насоки ќе се оди, но мислам дека за максимум 2 месеци ќе се заврши работата.

Виолета Малчева- ние како членови на совет немаме ништо, немаме никаква информација.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за сопствено учество за реализација на инвестиција (Реконструкција на партерно уредување на дел од ул.„Александар Македонски“ и реконструкција на крак од ул.„Александар Македонски“ во населба Градско).

Од присутните 8 советници, со 6 гласа ЗА и 2 ПРОТИВ Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за сопствено учество за реализација на инвестиција (Реконструкција на партерно уредување на дел од ул.„Александар Македонски“ и реконструкција на крак од ул.„Александар Македонски“ во населба Градско).

*7.Одлука за сопствено учество за реализација на инвестиција (Изработка на техничка документација за изградба на улици во должина од 2500м, Општина Градско).*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред.

Виолета Малчева- за кои населени места станува збор, каде ќе се гради?

Роберт Бешовски- немаме проектна документација, сакам сразмерно сите да бидат опфатени. Има населени места каде нема направено ниту една улица. Исто така планираме и изградба на пристапни патишта.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за сопствено учество за реализација на инвестиција (Изработка на техничка документација за изградба на улици во должина од 2500м, Општина Градско).

Од присутните 8 советници, со 6 гласа ЗА и 2 ПРОТИВ Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за сопствено учество за реализација на инвестиција (Изработка на техничка документација за изградба на улици во должина од 2500м, Општина Градско).

*8.Извештај од реализација на Акционен план за енергетска ефикасност во 2017 година на Општина Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред.

Елизабета Костова Бочварова- извештајот е во согласност со тоа што е направено во Општина Градско. Оди заедно со заедничкото одделение за енергетска ефикасност. Имавме состанот и секој кажува што има направено. Се доставува до Агенцијата за енергетска ефикасност на РМ. Во Општина Градско реализиран е проектот со кој се заменија уличните светилки со нови енергетско ефикасни.

Александар Јорданов- кога е завршен тој проект?

Елизабета Костова Бочварова- проектот се заврши во декември.

Димче Петров- дали со овој проект се опфатени сите населени места во општината?

Елизабета Костова Бочварова- да, сите се опфатени. Сега нареден проект кој што се планира е промена на постоечките прозори и врати со ПВЦ.

Иванче Иванов- како ќе се подигне свеста кај граѓаните во однос на ЕЕ со 60.000 денари?

Елизабета Костова Бочварова- преку предавања, изработка на флаери, брошури и сл.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Извештајот од реализација на Акционен план за енергетска ефикасност во 2017 година на Општина Градско.

Од присутните 8 советници, со 5 гласа ЗА, 2 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН Советот на Општина Градско го усвои Извештајот од реализација на Акционен план за енергетска ефикасност во 2017 година на Општина Градско.

*9.Техничка исправка на Извештајот од спроведена јавна акета и презентација за предлог Урбанистички план за село Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Ацо Атанасов- извештајот од спроведената ЈА и ЈП која се одржа на 21.11.2017 година го доставивме до МТВ за давање на согласност. Дадени се повеќе забелешки од кои една е во врска со насловот и треба да се корегира.

Виолета Малчева- кој не ја разбира работата администрацијата или фирмата?

Ацо Атанасов- грешката ја има направено фирмата, меѓутоа за да не се оди повторно со ЈА и ЈП со што општината би имала дополнителни трошоци за објавување во јавните гласила, насока е да се корегира со одлука на совет.

Роберт Бешовски- се останува исто само насловот треба да се смени.

Виолета Малчева- сигурно има според закон како треба да гласи. Во врска со надворешните стручни лица, кој ги ангажира?

Ацо Атанасов- треба да бидат вклучени 2 лица од надвор со лиценца.

Роберт Бешовски- Билјана од Урбан проектинг работи се во врска со УПС, тие превземаа, но има многу забелешки од страна на МТВ. Голем број од дадените забелешки се изработени.

Виолета Малчева- АФПЗРР има ли забелешки во однос на рокот кој бил предвиден, дали ќе ги исплатат средствата?

Роберт Бешовски- се доставува барање до агенцијата за продолжување на рокот.

Виолета Малчева- врз основа на што се продолжува рокот?

Роберт Бешовски- со доставување на барање за продолжување на рокот, автоматски го продолжуваат.

Виолета Малчева- тоа не е во ред.

Ацо Атанасов- целта е доделените средства од 1.200.000 денари да се искористат, да не пропаднат.

Драги Тричковски- што е со зоната за домување?

Роберт Бешовски- тоа ќе биде дополнително.

Иванче Иванов- со фирмата изведувач има ли валиден договор зазапазување на рокот?

Ацо Атанасов- има договор, имаше тендер.

Иванче Иванов- ако го пробиле договорениот рок нека се дадат на Суд, има и други фирми не се само тие.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Техничката исправка на Извештајот од спроведена јавна акета и презентација за предлог Урбанистички план за село Градско.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Техничката исправка на Извештајот од спроведена јавна акета и презентација за предлог Урбанистички план за село Градско.

*10.Годишен план за вработување во Општина Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Ацо Атанасов- во планот даден е број на вработени во моментов. Го предлага Градоначалникот, а советот дава мислење за финансискиот план за нови вработувања. Предвидени се две лица, Комунален редар и хигиеничар.

Виолета Малчева- дали комуналниот редар има статус на државен службеник?

Ацо Атанасов- да. Исто така се планира и превземање од страна на ЈКП Клепа на 4 лица кои се вработени во општината, а вршат работа во ЈКП. Но за сето тоа има процедури.

Виолета Малчева- со спогодба за превземање.

Ацо Атанасов- да, но сепак мора да има план.

Виолета Малчева- дали ако не се постигне спогодба со ЈКП лицата може да извисат?

Роберт Бешовски- не, ако не се постигне спогодба лицата си остануваат во Општина Градско.

Ацо Атанасов- во состав на годишниот план за вработување е и балансерот според кој по автоматизам треба да се вработи 1 бошњак и 1 ром.

Мендерес Тутиќ- и во минатиот план во балансерот имаше 1 бошњак.

Димче Петров- дали е грешка кај останати стои 18%?

Ацо Атанасов- не е грешка тоа е збирно опфатени се сите.

Виолета Малчева- општината уште ли е блокирана, ако е блокирана што е со унапредувањата. Во одделението за инспекциски надзор нема ниту еден вработен а се планира раководител, на кого ќе му биде раководител?

Роберт Бешовски- нема вработено, предходно јас бев во тоа одделение.

Виолета Малчева- има ли потреба од раководител на тоа одделение и што добива општината со тоа?

Роберт Бешовски- има потреба.

Виолета Малчева- со закон е предводено за градежен, сообраќаен, комунален инспектор.Во врска со самостоен референт за управување со човечки ресурси , како може со средно образование да управува со човечки ресурси?

Ацо Атанасов- може да води евиденција за број на вработени, за користење на годишен одмор, да се евидентира секоја обука, внесување во електронскиот систем, годишен план за вработување, извештаи и сл. Немаме служби и сите работиме се, не значи дека ќе работи по опис на работното место.

Драги тричковски- јас сум да се прими правник, градежен инжењер.

Роберт Бешовски- и јас сум општината да добеи правник, економист, градежен инжењер, но нашата општина е пренатрупана со технички вработувања.

Драги Тричковски- но не на ваков начин, не е добро. Нема логика со несоодветно образование, само око е целта да зима поголема плата.

Роберт Бешовски- унапредувањата се според обемот на работа и дообразованието. Како општина сме должни да ставиме и секретар на општината.

Виолета Малчева- ако ставите секретар на општината нема потреба од раководител.

Роберт Бешовски- на општината и треба правник, економист, исто така имаме потреба и од архитект, планер.

Виолета Малчева- кои се тие лица што ќе се унапредуваат?

Снежана Финаева- тие што завршиле.

Роберт Бешовски- ова се случува поради тоа што еден курир зима 16.000 денари плата, а државен службеник зима 14.000 денари. Предходниот градоначалник им ги покачил платите на техничкиот персонал а не на државните службеници, која е логиката.

Снежана Финаева- зошто се изнапримија курири и друг технички персонал. И со оценувањето, не оценуваа со помали оценки за да не бидиме унапредени.

Драги Тричковски- сега зборуваме за инспекторатот.

Гордана Христова- за самостојниот референт, дали има со што професија, образование треба да биде?

Ацо Атанасов- правилникот за систематизација на работните места е менлива работа и мора да се усогласи. Го носи градоначалникот како акт, а МИОА треба да го одобри.

Роберт Бешовски- сите унапредувања се согласно закон.

Виолета Малчева- немаме никаква корист.

Ацо Атанасов- доволно е да контактира како раководител.

Снежана Финаева- не може лице што работи во архива да зима 14.000 денари плата, а курир 16.000 деенари.

Драги Тричковски- проблемот е во несоодветното образование.

Иванче Иванов- општината ќе се задолжи уште повеќе. Во иднина да се внимава и со советот, месечно да имаме седница.

Роберт Бешовски- во општината има вработено 4 лица, кои вршат услуги во ЈКП со камионот бидејќе немало вработени во ЈКП, потоа е вработено уште 1 лице со високо образование и уште двајца курири. Една од причините за задолжувањето на општината се и вработувањата. Ако добиеме некој кредит како ќе ги враќаме ратите. Каде има вработени во општината, а да работат во ЈКП. Но и ситуацијата во ЈКП не е добра.

Драги Тричковски- има ли шанса да се спојат.

Виолета Малчева- да се платат долговите или да ги превземе општината.

Роберт Бешовски- како што кажа и Ацо согласно балансерот треба да се примат бошњак и ром. Сега примивме хигиеничар, бошњак.

Виолета Малчева- требало за хигиеничар да примите ром, а бошњак комунален редар.

Александар Јорданов- не може така, тоа е дискриминација.

Виолета Малчева- Јас зборувам за образовната структура.

Иванче Иванов- во врска со средствата од поврат на ДДВ, поголем дел одат за плати на вработените, а со средствата кои остануваат не може ништо да се направи.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Годишниот план за вработување во Општина Градско.

Од присутните 8 советници, со 6 гласа ЗА и 2 ПРОТИВ Советот на Општина Градско го усвои Годишниот план за вработување во Општина Градско.

*11.Програма за работа на ЈКП „Клепа“ Градско за 2018 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 11 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде директорот на ЈКП„Клепа“, Златко Арсов кој истакна дека оваа програма требало да биде донесена до 31.12.2017 година од предходниот директор. Во ЈКП нема ни правник, ни економист, ситуацијата е лоша. ЈКП Комуналец е задолжено 30.000.000 денари и со 100% наплата не го покриваме трошоците. Има долг и за струја.Бараме да се покачи водата, општина Градско плаќа најниска цена за водата.

Снежана Финаева- одговорност од предходните. Не може граѓаните да трпат оти некој не работел како што треба.

Мендерес Тутиќ- дали стоел некој позади тоа што струјата не е исклучена?

Роберт Бешовски- директорот на ЈКП си направил начин и план како да функционира а да не плаќа за струја. Сите средства оделе на сметка на ЈКП Клепа, а сметките за струја на ЈКП Комуналец. Водата ја покачил од 1 денар на 2 денари.

Ацо Атанасов- ако нема тужби долгот застарува.

Роберт Бешовски- со Златко бевме во Прилеп, направено е репрограмирање на долгот. Им објаснив дека основач е општината. Треба да се формира стручен тим и да се види што може да се направи. Прва фаза е решавање со долговите на општините, а во втора фаза се ЈКП. ЈКП треба треба да ги прошири своите дејностите. Работиме за добивање на донација скипер и да се отстапи на ЈКП во правец на намалување на расходите. Треба нова систематизација со која ќе се дефинираат целите. Во поглед на подобрување на водоснабдувањето со нов бунар, да се изработи проект за јонизација, како и замена на стариот цевковод.

Гордана Христова- ЈКП Комуналец должи 30.000.000 денари, колку должи ЈКП Клепа?

Златко Арсов- не должи поради тоа што нема обврски.

Роберт Бешовски- со одлука за комунален ред, приходите од вода, ѓубранина и др. одат на сметка на Клепа. Значи Комуналец нема никакви приходи а има расходи за струја, поради тоа е задолжено.

Гордана Христова- дали се планира струјата да се врати на ЈКП Клепа, вака ќе немате да плаќате за струја.

Златко Арсов- да, ако се продолжи вака ќе се задолжува уште повеќе.

Виолета Малчева- како ќе се реши тоа?

Роберт Бешовски- ЈКП Клепа ќе ја превземе со одлука.

Гордана Христова- проблем ќе биде струјата за да се плати. Планирано е покачување на водата, да се најде друго решение, а не ние одма да ја покачуваме.

Роберт Бешовски- тоа е за во иднина.

Виолета Малчева- тоа е со посебна одлука.

Иванче Иванов- имате ли податок колку кубика вода се трошат месечно?

Златко Арсов- да, 9.000.

Иванче Иванов- кажа градоначалникот треба да се гледа како да се зголемат приходите и да се внимава на расходите, треба да се направи детална анализа на расходите.

Гордана Христова- дали луѓето што копаат гробови ќе бидат индивидуални лица или ќе бидат лица од комуналното?

Златко Арсов- ЈКП нема надлежност за тоа.

Димче Петров- тоа е веќе проблем.

Драги Тричковски- сите вината ја префрламе на градоначалникот и на директорот, но не мораше Општина Градско да го превземе ЈКП, беше без основни средства.И во врска со камионот за собирање на смет, сите земаа грант ние камионот го земавме на кредит и сега не можиме да ги исплаќаме ратите. Кој ја правел апликацијата?

Ацо Атанасов- одлуката сигурно е помината на совет.

Виолета Малчева- за јавна чистота, секогаш тоа го кажувам во Виничани плаќаме за одржување на јавна чистота а не добиваме услуга.

Златко Арсов- веќе имаме лице кое ќе се грижи за јавната чистота.

Гордана Христова- дали може општината да му помага на ЈКП?

Роберт Бешовски- може и веѓе помага со самото тоа што лицата што собираат смет се вработени и земаат плата од општината.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за работа на ЈКП „Клепа“ Градско за 2018 година.

Од присутните 8 советници, со 7 гласа ЗА и 1 ПРОТИВ Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за работа на ЈКП „Клепа“ Градско за 2018 година.

*12.Одлука за именување на членови на Управен одбор на ЈКП „Клепа“ Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 12 од дневниот ред.

Снежана Финаева- како претседател Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања се состанавме и за членови на УО ги предлагаме следните лица: Сашо Јовановски, Ангел Андоновски, Маја Андовска Станишевска, Маријан Петрушев и Ванчо Ѓорѓиев.

Александар Јорданов- доколку го усвоиме предлогот после си бираат претседател, мандатот им е 4 години.

Иванче Иванов- дали е потребно да имаат стручна подготвеност?

Александар Јорданов- не треба.

Ацо Атанасов- согласно член 17 од законот за јавни претпријатија условите што се бараат ние ги немаме, така ќе треба да нема управни одбори.

Иванче Иванов- дали општината има правилник и дали ние имаме ингеренции во однос на работата на овие одбори?

Ацо Атанасов- правилник имаме но ние немаме ингеренции само ги именуваме.

Иванче Иванов- треба да имаме правилник и да се види кои им се ингеренциите.

Димче Петров- Вие како директор ќе имате проблеми во работата.

Мендерес Тутиќ- до сега не функционирале УО и НО.

Снежана Финаева- предложени се луѓе кои се стручни од таа проблематика, некој ако не работи може да се смени.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за именување на членови на Управен одбор на ЈКП „Клепа“ Градско.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за именување на членови на Управен одбор на ЈКП „Клепа“ Градско.

*13.Одлука за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Клепа“ Градско.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 13 од дневниот ред.

Снежана Финаева- за членови на НО ги прдлагаме следните лица: Бранко Стојановски, Нурадин Делиќ, Ивица Спасев, Панче Клинкаров и Слободан Стефановски.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Клепа“ Градско.

Од присутните 8 советници, со 7 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Клепа“ Градско.

*14.Одлука за утврдување на надоместок на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Градско и за Градоначалник на Општина Градско на локалните избори 2017 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 14 од дневниот ред.

Роберт Бешовски- согласно закон учесниците во изборите доставуваат барање за исплата по 15 денари од добиен глас. Поради тоа што станува збор за локални избори, барањата се доставуваат до општината и општината треба да им исплати.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за утврдување на надоместок на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Градско и за Градоначалник на Општина Градско на локалните избори 2017 година.

Од присутните 8 советници, со 8 гласа ЗА Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за утврдување на надоместок на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Градско и за Градоначалник на Општина Градско на локалните избори 2017 година.

*15.Разгледувања на барања и поднесоци.*

а) Барање од Иван и Виолета Мандевски од Илинден, Скопје кои бараат да им се овозмози престој во просториите на амбулантата во село Долно Чичево.

Виолета Малчева- имаат ли потекло од Долно Чичево?

Иванче Иванов- треба да се кои се луѓето не само така да се даваат просториите.

Драги Тричковски- треба да се формира комисија и да се види што има, да се направе договор.

Роберт Бешовски- Роберт Бешовски- мој предлог е општината да провери за целиот имот што го поседува, во каква состојба се објектите, дали има договор за тие простории што се веќе дадени и како се дадени дали со надоместок или не. Да се направи еден пресек за да знаеме што да правиме во иднина.

Драги Тричковски- да се види чиј имот е продавницата на напредок.

Александар Јорданов- значи заклучок е општината да види во каква состојба е имотот и да се донесе одлука на наредна седница.

б) Барање од Миријана Таскова за исплата на сума во износ од 36.000,00 денари за период 2012-2017 година на име закупнина за користење на нива во м.в Бавчи од страна на општината каде се лоцирани бунарите за вода за пиење.

Роберт Бешовски- во периодот до 2012 година има договор, од 2013 со Жанета Чаушевска не е склучен договор од кои причини не знам и сега со мене како градоначалник склучен е договор за закупнина. Годишно треба да се исплаќа по 6.000,00 денари.

Снежана Финаева- да се види ако треба нека му се исплати.

Од присутните 8 советници, со 7 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН Советот на Општина Градско одлучи дека бараните средства треба да се исплатат.

в) Барање до група граѓани кои работат во Велес за обезбедување на превоз од Градско до Велес и обратно.

Роберт Бешовски- разговарано е, постојат два начина, првиот е да се воспостави линиски превоз, а вториот беше ако се помалку да се вклопат во превозот со наставниците и учениците. Но поради тоа што се повеќе луѓе како опција останува линискиот, односно меѓуопштински превоз од страна на тие кои што имаат лиценца за вршење на таа дејност. Постои можност тоа да се реши, меѓутоа треба да се разговара и да се усогласи и со времето и со превозниците, да им одговара и на двете страни.

Виолета Малчева- зошто не е вклучен Гоце Соколов во превозот со вработените.

Роберт Бешовски- нема линија до Виничани.

Виолета Малчева- кој го правеше тендерот?

Роберт Бешовски- школото го правеше.

*16.Разно.*

Виолета Малчева- сакам да прашам во врска со купувањето на ниви во Виничани за сепарација.

Роберт Бешовски- дојдоа луѓе од Виничани и ми кажаа. Имам информација дека дека е за сепарација. Кај нас како општина досега никој нема дојдено да праша. Доколку има некој заинтересиран треба да поднесе барање и општината дава согласност, но има процедури, граѓаните треба да бидат вклучени, доколку не сакаат нема да дадиме согласност. До општината се уште нема доставено барање, можеби имаат до останатите институции каде што треба, а во општината го оставаат за последно.

Иванче Иванов- ако општината не му даде согласност, сите тие дозволи предходно ќе му паднат во вода.

Виолета Малчева- да е државно земјиште во ред, ама вака кој ќе му дозволи.

Роберт Бешовски- мој став е островот кој е направен кај мостот во село Уланци да се скине бидејќи со текот на годините ќе прави проблеми и на мостот и на бунарите, ќе се повлече водата.

Виолета Малчева- тоа е со барање за регулација на речното корито.

Драги Тричковски- едно е регулација на речно корито, а друго е база за сепарација на песок.

Роберт Бешовски- предходиот градоначалник има дадено согласност Б-дозвола за сепарацијата кај Ногаевци.

Виолета Малчева- јавноста не била вклучена. Сепак во сред поле не е убаво и околните ниви од самата прашина ќе имаат последици.

Роберт Бешовски- луѓето од Виничани што дојдоа во општината не се согласуваат.

Снежана Финаева- нивата е продадена, почнаа да ги попотполнуваат дупките на патот.

Виолета Малчева- Вие како градоначалник да се обратите до институциите.

Роберт Бешовски- не давам дозвола доколку жителите од Виничани не се согласуваат.

Драги Тричковски- дали му се исплаќа на Ванчо Китанов, имаше барање со советот.

Роберт Бешовски- исплатено е, а сега добил инвалидска пензија.

Димче Петров- да се превземе нешто со луѓето што горат прагови во фолиите од железница. Во Градско не се дише, не се излегува надвор. Оваа година помина со греењето, за во година да се види. Ќе се прими комунален редар, да му се каже кои му се ингеренциите и да се превземе нешто.

Снежана Финаева- знаеме дека сме земјоделски крај и немаме ништо против, но да се има барем малку совест.

Роберт Бешовски- го повикавме државниот инспектор од МЖСПП но за во приватен имот постапката е сложена. Со полиција може да се направи увид дали се горат прагови и како се набавени, а општината и министерството ништо не можат.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори четвртата седница во 16:30 часот.

Записник водел:

___________________

Мери Седмакова-Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско

______________________

Александар Јорданов